СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Шеесет и четвртата седница на Собранието
на Република Македонија, одржана на 1 јули 1993 година

Скопје, јули 1993 година

**II ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 64-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 1.VII.1993 ГОДИНА**

Дискутанти:

1. АНДОВ СТОЈАН – 1, 35
2. АЛИУ ХАМИД - 3
3. АЈДАРЕГА ГАЗМЕНД – 12, 15, 17
4. АРСОВ ДРАГИ - 44
5. ГЕОРГИЕВ ПЕТАР - 2
6. ГРОЗДАНОВСКИ ДРАГИ - 40
7. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 19
8. МИЛЕНКОВСКИ МАРИН - 34
9. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 3 (води седница)
10. МЛАДЕНОВ ВАНЧО – 7
11. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА – 27, 41
12. СПИРОВСКИ ИГОР – 21 9Секретар – чита список)
13. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ – 17, 29
14. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 4, 17, 25, 28, 30, 31
15. СОФИЈА ТОДОРОВА – 34 (министер на Влада)
16. ТОШЕВ БЛАГОЈА - 17
17. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 17
18. ТЕМЕЛКОВСКИ ПЕТАР – 38, 39
19. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ – 9, 10, 14, 25, 54, 56, 57, 58

КРАЈ НА СЕДНИЦАТА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на 64-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 јули 1993 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на РМ, со почеток во 12,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Стојан Андов, претседател на Собранието на РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Ристо Стаменов, Јордан Бошков, Димитар Димитровски, Флоре Масалковски, Димитар Поповски, Љупчо Поповски, Никола Поповски, Ламбе Арнаудов, Мухамед Халили, Благоја Ханџиски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на **точката 3** - Предлог на закон за концесија.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за земјоделство и шумарство, Комисијата за стопанство, Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство, ЗПК и Комисијата за заштита на човековата околина Ви се доставени односно поделени.

I/2 СС/СЛ

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Георгиев.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, сосема накратко ќе го пренесам мислењето на Комисијата за стопанство во поглед на поддршката за донесување на Предлогот на законот за концесија. Посебно истакнувајќи дека ова е еден од законите што за прв пат се донесува и е во рамките на реформата на стопанскиот систем. Исто така, со овој закон во основа се вградуваат и законските прописи или се доградуваат законските прописи што ќе бидат во функција на спроведување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествена сопственост, бидејќи во рамките на Законот за трансформација на претпријатијата со општествена сопственост беше посебно во членот 3 исклучена можноста тие да влезат во трансформација од причини што јавните добра или за јавните добра државата го задржува своето право да дава одобрение за користење на истите.

Имајќи предвид дека е тоа закон што прв пат се донесува а се однесува по однос на користењето на јавните добра или давање одобрение за јавните добра и тоа во областа на користењето на шумите, а веќе во процедура имаме закон кој што е во правец на уредување на односите за користење на шумите, користењето на патната мрежа, водите, земјиштето, рударството и другите туристички, односно комплекси што се од општествен интерес.

Поаѓајќи од тоа дека ова е закон што уредува само општи начела и услови за добивање право за користење, сметам дека треба посредствата за јавно информирање пошироко да биде образложен, посебно во делот на уредување на односите со склучување на договори посебно за секоја концесија. Значи дека со - овој закон се уредуваат само општите начела и услови , додека во секој закон посебно ние треба да водиме сметка за делот на дефинирањето на условите што треба да се стекнат за давање одобрение за користење на корисниците што ќе ги користат.

Од тие причини и Комисијата за стопанство го поддржа Предлогот сега да се дефинираат само општите услови и начела а после тоа со секој посебен закон да се•конкретизираат условите за давање концесија.

Само да укажам на тоа дека Комисијата посебно немаше амандмани и предлага Собранието да даде" поддршка на вака предложениот закон за концесии.

(со седницата продолжи да раководи Џеладин Мурати)

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Збор побара Хамид Алиу.

**ХАМИД АЛИУ:**

Господа пратеници, почитувано Претседателство. Потребата за донесување на овој закон е од одамна. Ги содржи укажувањата од мај 1992 година и мислењата и укажувањата од расправата на седницата од јануари 1993 година.

Точно е тоа дека законот според карактерот обезбедува нормативни рамки што треба да се почитуваат при дефинирање на начините и условите под кои треба да се дадат на користење по пат на концесија. Исто така е точно дека овој закон не ги прецизира добрата од општ интерес што можат да се дадат на концесија.

Законот нуди начин и услови под кои добрата од општ интерес за Републиката можат да се дадат на користење. Ова го покажува членот 3, избор на концесионери членот 12 , содржината на Договорот за концесија членот 16, и измените на концесиските акти не влијаат во односите уредени со договорот за концесија член 28.

Од горе изнесеното, за секоја концесија одделно ќе се регулира со посебен закон. Јас го повторувам мојот став што го имав во јануари дека насловот на овој закон би бил поадекватен Закон за начини и услови за одобрување на концесија, а не како што е понуден од предлагачот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Збор има г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, не ја спорам потребата за донесување на овој закон. Потребата беше од порано, меѓутоа, што е тоа е, денеска ќе треба да одлучувам за овој закон дали ќе го усвоиме ние -како што е предложен или со амандманите што се дадени одделно од одредени пратеници, ќе ги прифатиме или ќе најдеме некое друго решение. Меѓутоа, овој закон има потреба и треба да го донесеме.

Сакам да говорам за една институција што се пројавува во овој закон, а тоа е институцијата одземање концесија од страна на Владата на РМ, што е предвидено во поодделни одредби. Така, институцијата одземање се јавува во член 16 алинеја 11, мислам дека е, и понатаму член 22 и 25 каде се расправа за начинот и условите на овој институт. Институтот не ќе има никаква опасност да постои ако нема штетни последици во еден момент, ако Владата одлучи концесијата да ја одземе.

Во што се состои? Предлагачот на законот ни нуди дека концесија може да се одземе само ако концесионерот во рокот за отпочнување со работа на концесијата да не отпочне. Меѓутоа, договорите да се отстапува концесијата, договорот содржи и казнени одредби.

Во што се состојат тие? Ако не се отпочне на време, односно, ако нешто не се изврши, дали давателрт на концесијата или пак корисникот на концесијата не го исполни, ќе плати казна. Како институцијата одземање на концесијата е едностран акт а не акт на волја на договарачите, тогаш оној кој делува, а ова право за одземање е дадено само на Владата, бидејќи корисникот може само да ја откаже, тогаш се ослободува корисникот на концесијата да не ги плати казните ако требал да ги плати.

Ова ќе го кажам на овој начин, со пример. Да се одлучи Владата како јавно добро Автопатот од Куманово до Гевгелија, ако се н^прави целосно, или колку е сега направен до Велес, да го даде на концесија, дали тоа ќе биде правно или физичко лице, дали . тоа ќе биде домашно или страно, да ги уреди паркинзите, да го уреди маркетингот, се што

треба околу него и ако некој дел од коловозот е оштетен да го доведе во положба на експлоатација во рок од една година. Затоа да го користи под одредени услови. Со почетокот на користењето на концесијата за 10 односно 20, односно 30, зависи колку ќе се договори рокот. Во рок од 1 година ако не се исполни Владата одлучува на концесионерот да му ја одземе концесијата. Господа, ќе му ја одземе и обврската односно ќе го ослободи од обврска да плати казна за тоа што не го довел патот во таква положба за една година, што нема експлоатација, што нема користење. Значи со еднострана одлука ќе му се даде можност корисникот на концесијата да се ослободи од оваа обврска.

Ако одиме на раскин на договор, тогаш оној кој е виновен за раскинување на договорот ќе ги сноси и штетните последици. Затоа, сакам да кажам оваа Институција во оваква форма не може да опстане затоа што е врзана само за еден услов, а тоа е вака "Владата на Република Македонија може да му ја одземе концесијата на концесионерот , ако не започне со вршење на концесиската дејност во рок определен со Договорот". Што значи, само во тој случај и овде како дал како конкретен. Во овој случај се случува да се ослободува кривецот за неработење на концесијата односно не живеење на истата.

Затоа сметам дека овој институт не би требало да постои Ќе треба да биде во раскиден основ, тогаш ќе оди во договорот, договорот ќе се раскине на штета на корисникот, а во правото , покрај другите институции има мерка, времена мерка која говори и се донесува од страна на судот ако се отстрануваат штетни неотстранливи последици, тогаш судот ќе одлучи без правосилност да се превземе една работа. И , во овој случај,

ако оној кој не ја извршува концесијата ќе остане во долг, а по пат на судска одлука на првата расправа ќе се одземе ова право.

(со седницата продолжи да раководи Стојан Андов).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Младенов.

**ВАНЧО МЛАДЕН0В:**

Почитувани пратеници, сосема кратко да кажам неколку зборови, мислам и ми причинува посебно задоволство што денеска имаме услови да го донесеме законот за концесија. Меѓутоа, пак кај мене се изразува едно сомневање дека тој закон навистина ќе може да се применува од причини што е познато дека тој закон на некој начин предвидува одредени природни блага што се, да не речам во сопственост на Републиката, на државата, да можат да се дадат на употреба на физички и правни лица, домашни или странски . Тогаш, во услови кога нашата правна регулатива односно кога Законот за судовите и кога судската власт практично како што е познато според Уставот, трите еднакви власти во нашата држава не се воспоставени, овој закон навистина ќе нема услови да може со првична употреба да биде, затоа што, бидејќи во една држава каде навистина судската власт не е воспоставена онака како што треба, верувам дека, особено оној странски државјанин кој има намера да вложи капитал во нашата држава, верувам дека ќе почека или не ќе биде во состојба тоа да го направи веднаш, се додека судската власт не биде воспоставена за да може тој да има покрај економската и една правна сигурност за средствата што треба да ги вложи во нашата држава.

Оттука мислам дека овој закон навистина е штета што мора да биде условена неговата примена и од други закони што по мене веќе долго време чекаат во Парламентот, а сеуште не можеме да најдеме сили да ги донесеме. Така што, мислам дека и овој закон на некој начин треба да претставува некој предизвик, пред се кај нас пратеници, за да можеме да најдеме сили да ги донесеме и другите закони што можат да создадат предуслови сите закони од економската сфера неопходни за стопанството и граѓаните, па и да не кажам за поголем број странски граѓани кои имаат намера / да вложуваат во нашата држава, сакаат да почнат да се применуваат, а велам и длабоко сум убеден дека тоа е под знак на прашање, токму од таа причина што кај нас сеуште не е воспоставена судската власт.

Тоа беше целта на моето излегување. Мислам дека сосема давам поддршка, а тоа го искажав и во Комисијата за економска политика и развој. Меѓутоа, истовремено излегов уште еднаш да апелирам до пратениците на некој начин да овозможиме тој закон да има и практична примена, да направиме напор да го донесеме и законот за судовите за да се воспостави и судската власт. Тоа, на некој начин ќе биде гаранција да можат и поголем број закони од економската сфера да имаат своја практична примена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот | претрес.

Отворам претрес по Текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 5 и на член 6 став 2.

Пратениците Газменд Ајдарага и Џелил Таири поднесоа амандман на член 6 за додаваше нов став 3 по ставот 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Стојановски, поднесе амандман на член 16 став 3, алинеја 11 да се брише, потоа друг амандман во членот 22, алинејата 3 да се брише и трет амандман, членот 25 да се брише.

Отворам претрес по Амандманот на член 5 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали се согласува со ставот на повереникот?

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Го потврдувам ставот на повереникот изнесен на седницата на Комисијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, немаме амандман бидејќи тој е составен дел на текстот.

Отворам претрес по амандманот на член б, став 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата се согласува со ставот.

Добро, немаме амандман, бидејќи тој станува составен дел на текстот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратениците Газменд Ајдарага и Џелил Таири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Предложениот амандман за додавање став 3 после ставот 2 на членот 6 со кој се бара дваесет посто од средствата да се отстапат на општините, Владата не може да го прифати од следниве причини:

Прво, отстапува од целокупниот концепт на општините на локалната самоуправа, која по нашиот нов систем воопшто и не може да биде носител на некој стопански развиток. Тоа ќе биде грижа на стопанствениците и грижа на државата , на Републиката.

Ние сметаме дека ова е начелен закон. Во членот 6 пишува дека е приход на Републиката. Ова Собрание е надлежно да одлучува за судбината на средствата што ќе се приберат од овој извор на приходи за кој би биле среќни ако биде голем извор.

Според тоа, да се отстапат 20 посто од средствата на општината, воопшто не е дефинирано кому на општината? За кој намени во општината? Ние имаме нов концепт на општини за кој ова Собрание, што го донесе Уставот е концептирана локалната самоуправа и општината. Според тоа, не можеме уште во овој закон да се преземаат такви обврски, а законот не ја исклучува можноста во одлучувањето за

судбината на средствата што ќе се соберат да се даде на некоја општина, не 20 туку 30,50 итн., во едно време, а во друго време на друга општина помалку или повеќе. Со ова ги врзуваме рацете да мора 20 насто да се даде некому што не му треба или акутно е некаде на друго место да има повеќе од 20. Според тоа, не би требало да биде регулирано тоа прашање со овој закон кој е процедурален и има општи одредби. Ќе имаме можност да се одлучува и во посебните закони на овие добра што ќе бидат предмет на издавање на концесии и во договорите да се одлучува за евентуалните намени на средствата што ќе се приберат од приходите од концесии.

II/1 НН/ЛБ

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитувано претседателство почитувани пратеници, почитувани членови на Влада. Денеска имаме убава прилика да разговараме за еден закон кој што ја решава судбината на особено неразвиените подрачја. Оттаму и причината што јас заедно со пратеникот Таири поднесовме ваков амандман, со цел да помогнеме особено на оние што се недоволно развиени, а постојат одредени објекти кои се предмет на концесија.

Сведоци сме на падот на стопанството и на нестопанството особено во неразвиените општини. Затоа не треба аргументи, меѓутоа јас сепак ќе изнесам некои, односно еден кој е битен за општината од каде што доаѓа.

Дебарска општина пред настапување на економските и политичките реформи имаше околу 4 илјади вработени. Дене Дебар нема ни 2 илјади вработени. Последиците се очигледни. Произлегуваат особено од стечаите што се извршија во поголем број на организации во општината. Мислам дека овој "закон е убава при - лика да им се помогне и заради тоа го предлагаме амандманот.

Во Дебар во стечај е текстилниот комбинат. Ние ќе имаме прилика овде да зборуваме бидејќи тоа е така во Програмата во Владата та и во програмите на политичките партии за популационата политика. Дебар е подрачје во кое воглавно живеат албанци и каде што жената е доста еманципирана и воглавно вработена во стопанството на Дебар. Беше вработена воглавно во текстилниот комбинат "Новост". Денеска она е дома. Да не зборував за економските тешкотии на кои наидуваат работниците односно нивните фамилии. Меѓутоа, треба да го имаме предвид и другиот аспект, како што реков во однос на еманципацијата и во однос на активниот придонес на популационата, политика во Републиката.

II/2

Од страна на министерот беа изнесени некои работи со кои јас воопшто не се согласува и ќе ги побијам.

Министерот рече дека ние имаме нов начин на гледање во однос на локалната самоуправа. Сведоци сме дека Законот за локалната самоуправа сеуште го немаме, не ни е понуден иако помина доста време откако го имавме нацртот. Дури министерот рече дека со тој концепт е ограничено правото на општината. Јас мислам дека тие работи не стојат, сведоци сме сите и таква работа сеуште не е дадена. Јас не сум правник, но ми се чини дека правно се вели да тоа е преаудицирано прашање. Мислам дека не треба така да се изнесуваат работи кои што сеуште не стојат. Можеби во новиот концепт така ќе биде, но сеуште не е направено.

Исто така министерот рече дека е дефинирано во концептот што и за кои намени можат да се дадат средствата. Исто така мислам дека и тоа не стои. Работите малку поинаку стојат бидејќи сеуште не се дефинирани, нема одреден акт од ова Собрание.

Поголема причина која ме наведува односно не наведе да го поднесеме овој"амандман е тоа што мислам, а и сите пратеници ќе се согласат, судбината на едно подрачје воглавно ја доживуваат оние што таму живеат. Мислам дека така треба да бидеме сфатени и претпоставувам дека ќе добијам поддршка од пратениците бидејќи ако во Дебар постои еден комбинат за гипс, или во Дебар постои Хидроелектраната "Шпиље" што тој град добива од тие две организации. Верувајте, конкретно од Шпиље Дебар не може да користи ниедна пара, освен личните доходи. Колкави се придонесите на оваа организација за нашата Република мислам дека не треба да зборувам, бидејќи ви се познати. Слична е состојбата со Комбинатот за гипс. Ги користи

благосостојбите што ги дава природата. Дебар од двете страни е поврзан со пет метарски пат. Сега ајде и од ова да не видиме аир. На сите места воглавно во Републиката 6 метарски пат, во Дебар 5 метарски пат. Сега ајде да не користиме средства и од овој гипс што таму го наоѓаме. Претпоставувам дека гипсот е природно богатство, со дадена концесија, па мислам дека одредена корист треба и тие луѓе да уживаат. Заради тоа мислам дека треба да се даде поддршка на овој амандман. Јас зборувам за тоа, зависно од местото каде доаѓам а верувам дека слични работи ќе бидат и за Радовиш, за Струга, за Битола итн. Оттаму ги повикувам пратениците да дадат поддршка на амандманот.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Прво, во амандманот не се предлага да се отстапат 20% на неразвиените општини туку на сите општини.

Второ, новиот систем, економско политички и општествен кај нас е дефиниран во Уставот и ниеден друг закон, па и на локалната самоуправа не ќе може да биде спротивен на Уставот. Таму се дадени рамките што значи општина, што значи Република итн. Според тоа и така дадени основите на системот во Уставот од сега тврдам дека не даваат можност на државата воопшто, а особено на општината, ние таков систем имавме кога секоја општина сакаше да има корист од секоја фабрика и видовме колку корист имаа и општините и фабриките од тој систем. Според тоа, не се работи за концесијата. Тоа треба да се постави и сега кога гипсара Дебар не е дадена која корист ја има. Зошто сега на концесионарот да му дадеме други обврски за да тој даде нешто плус на општината. Тука нема да има никакво влијание.

II/4

Второ, и кога би било тоа да биде по неразвиени општини јас реков подобро е Републиката ќе води економска политика и ќе утврди намена на овие средства. Може во Дебар да даден не 20 од овие пари што ќе се соберат но никој да не се занесува дека од денот на донесувањето на овој Закон ќе се туркаат на ред заинтересираните да дојдат за концесии овде, според тоа да не се создаде погрешен впечаток дека со ова некој ќе изгуби многу пари. Прво ќе потечат многу години додека почнат да идат пари по овој основ. Овде беше речено дека со други прописи ќе се пропишуваат конкретните услови за давање на концесија. Тврдам дека и за неразвиените општини по- добро е ова решение, кога ќе утврди економска и развојна политика Републиката тогаш ќе биде предмет колку пари, туку 30 - 40% во Радовиш или Дебар, а ништо во Скопје, без да видиме условно кои се развиени. Со ова можеме да направиме лоша услуга токму на сега помалку развиените општини а нема врска ни со популационата ни со другата политика.

**ГАЗМЕНД АМДЕРАГА:**

Една мала реплика затоа што изгледа дека лошо сум разбран од страна на министерот.

По амандманот не пишува така како што тој рече. Меѓутоа, јас само ги дадов примерите бидејќи од неразвиена општина доаѓам. Јас морам да ги бранам интересите на мојата општина. Таму ме изгласале гласачите и заради тоа така треба да се сфатиме, не треба да се сфатиме поинаку.

Што се однесува до ограничувањето јас мислам дека не- стојат, Дури, обратно стојат работите. Со устав Републиката може да пренесе одредени права на. општината. Според тоа не постои таква ограниченост.

Што се однесува до тоа дека е полошо за неразвиените општини, односно ако се даде на општините јас мислам дека и тоа е паушално речено бидејќи недоволно е анализирано. Нека се дадат 20% од средствата на општината Дебар па ќе видиме дали Дебар ќе се вбројува во недоволно развиените општини. Меѓутоа, по се изгледа дека не постои таква желба. Тоа е друго прашање, но да се дадат 20% од тие средства Дебар ќе цвета јас гарантирам.

**БЛАГОЈА ТОШЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници и јас не го сфатив така господинот Ајдарага, дека тој конкретно за Дебар се произнесе. Неговиот амандман е јас ќе гласам за неговиот амандман. Тој во својот амандман вели Републиката 20% од средствата остварени по основ на концесија да ги отстапува на општината каде што се наоѓа предметот на концесијата со намена на финансирање на развојни програми.

Јас сметам ако мисли Владата да го прави Скопје на милион жители, незнам каков и е планот, ако мисли да ги развие и другите подрачја, јас затоа ќе гласам за амандманот на господинот Газменд Ајдерага од причини што некој и за Битола ќе се заинтересира за комплексот туристички Пелистер, па според тоа 20% од тие пари да остане за Битола. Знаете дека Битола стана слепо црево во Македонија, Ова е една шанса сега да излезе на виделина, ако во случај, ова што го кажа господинот Газменд Ајдерага, сметам дека и другите пратеници тоа го мислат, 20% не се многу да се отстапат до тие средства за развој. И тоа конкретно кажува господинот Газмен Ајдерага за развојни програми. Господинот министер рече каде ќе ги трошат - исклучиво за развојни програми , за други цели никако.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници. Со оглед на тоа дека сум потписник на амандманот би сакал накратко да кажам дека како пример би го земале националниот парк од Гостивар кој што може да биде предмет на концесија и како град доста оправдано е 20% од тие средства да останувaат за развој на тој град. Тој национален парк како таков израснал од тој град и со оглед на тоа треба одредени средства за да му се помогне на градот во целина, развојот на село итн.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас амандманот на господинот Газменд Ајдерага го разбрав многу општо. Не е функционален, говори за општината, меѓутоа може да се случи доброто да биде на две или повеќе општини. Сега да се види што ќе биде на општината на која припаѓа. Дали сега сите тие општини ќе земаат по 20% или сите дваесетте отсто ќе ги делат. Сметам за потребно додека се одлучиме за тоа да гласаме или да не гласаме за овој амандман, ако има волја и намера предлагачот во оваа смисла да го доразработи и тогаш да се произнесеме.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Прифатлива е забелешката и ние кога велиме 20% мислиме вкупно 20%. Меѓутоа, тука сразмерно би учествувале општините како што учествуваат во тој објект. Ако една општина учествува 30% триесет отсто од тие 20%, друга општина 50 од тие 20%. Така да се согласувам, немам ништо против така да биде.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас сакам да кажам дека е неприфатливо образложението барем за мене, изнесено по однос на овој амандман што се однесува во врска со неразвиените подрачја и општини во РМ.

II/7

Претпоставка е дека механизмот за развој на неразвиените подрчја и општини и региони во Републиката согласно уставните одредби на Уставот на РМ и политиката што треба оваа држава да ја дефинира според регионалниот развој е определена и во уставот и во механизмите кои сега постојат и кои нужно треба да се менуваат и усовршуваат. Едно е битно.

Таква обврска за РМ постои не само од нормативен аспект, постои нужно суштествен економски аспект. Доколку Републиката сака да ги оствари целите за оки ние како политички субјекти овде често пати се залагаме за нејзин економски просперитетен развој тогаш ј нужно ќе мора да води сметка и за регионалниот рамномерен развој на поедини подрачја.

Јас не верувам дека во рамките на тој механизам еден ваков амандман тоа"ќе го обезбеди. Или, всушност сметам дека и ваквиот амандман може на дел од општини од неразвиените општини да оди на директна штета. Со оглед на тоа дека се работи за амандман кој обезбедува посебна положба само на оние општини од кои ќе се концесионира јавното добро. Претпоставка е дека на добар дел од општините кои сега се неразвиени и кои тешко ќе можат да остварат концесии на јави добра дека ќе бидат во поповолна положба ставени со овој амандман. Од тие причини јас сметам дека решението во Предлогот на законот е поповолно и за вакви подрачја.

III/1/сп/см

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Крстевски.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

По моја оценка треба да се прифати амандманот, бидејќи се работи за природни блага каде нема вложувања ниту домашни ниту странски капитал. Оваа можност е точно на тие општини односно подрачја приходот да се отстапи директно, доколку се оствари приход. А може во случај во кој тешко се остварува приход и да не дојде до приход ниту за Републиката ниту за општината. Јас сметам дека точно уште во неразвиените општини постои за евентуална концесија или запуштени реони, а не може да дојде до концесија во Скопје и затоа треба тие природни погодности поради што гравитира тоа население автоматски треба да се издвои приход независно од овие други издвојувања, бидејќи тие единствено што имаат богатство тоа е природното богатство и ако тоа централно се искористи ќе настане чиста миграција односно ќе си дојдеме сите во Скопје и нема потреба да се задржуваат по реони. Јас сметам дека се работи за природни богатства кои не се сега искористени, со евентуална концесија односно давање на концесија автоматски оправдано е што се бара да се издвои 20% од приходот, бидејќи единствено тој услов е да се задржи тоа население на тоа место.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (33)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Газменд Ајдарага и Џелил Таири.

Има збор господинот Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Барам поддршка од 10 пратеници, бидејќи се сомневам во гласањето, па да се гласа поединечно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има 10 пратеника. Го молам секретарот да го изврши гласањето.

Има збор секретарот Игор Спировски.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | воздржан |
| 2  ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | не е тука |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | за |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | не е тука |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | воздржан |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | не е тука |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | не е тука |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАЃИ АРСОВ | не е тука |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | воздржан |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | против |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | не е тука |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | воздржан |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | против |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | против |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | не е тука |
| 20. ДРАГИ С503ДАНОВСКИ | за |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | против |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | не е тука |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | воздржан |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | за |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | за |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | против |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | не е тука |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | за |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | не е тука |

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | за |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | за |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | воздржан |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | за |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | против |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | воздржан |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | против |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | за |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | за |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | против |
| 44. ТАШКО КИРОВ | воздржан |
| 45. ЗОРАН ЌИТЕВ | воздржан |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | воздржан |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | не е тука |
| 48. ГОРГИ КОТЕВСКИ | воздржан |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | за |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | не е тука |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | за |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | против |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | не е тука |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | против |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | воздржан |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | против |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | против |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | воздржан |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | за |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | не е тука |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | за |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | за |

III/5

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | за |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | воздржан |
| 69. СИМОН НАУМОСКИ | не е тука |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | воздржан |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | за |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | против |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | против |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | не е тука |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | за |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | не е тука |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | воздржан |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | не е тука |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | не е тука |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | за |
| 86. ИВАН 'РАМБАБОВ | воздржан |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | за |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | за |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | за |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | против |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | против |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | против |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | воздржан |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | против |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | воздржан |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | воздржан |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | за |

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | против |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | против |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | за |
| 109.АГИМ ФАЗЛИУ | за |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | не е тука |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | не е тука |
| 112. БДУРАХМАН ХАЛИТИ | за |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | не е тука |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | за |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | против |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | за |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | за |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | за |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | не е тука |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | за |

**СТОЈАН АНДОВ:**

Гласале вкупно 80 пратеника.

За,гласале 37 пратеници.

23 пратеници се против.

20 пратеници се воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Газменд Ајдерага и Џелил Таири.

Отворам претрес по амандманот поднесен од пратеникот Томислав Стојановски кој амандман се однесува на член 16 и тоа во членот 16 ставот 3 алинеја 11, се брише.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Џевдет Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифати предложениот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Молам, да се повикаат пратениците да влезат во салата, ние сме на прагот на кворумот.

Има збор господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа јас говорев начелно за причините поради кои барам да се изостави институцијата одземање на концесијата.

Членот 16 став 3 во рамките на договорите, договорните одредби на договорот за концесија Владата на Република Македонија и концесионерот се договараат за уредување на односите во врска со предметот на договорот за концесија, а особено:

Ако се особено договорат со договор за одземање на концесијата треба да биде исполнета една одредба. Тоа е одредбата од членот 25. Само ако не отпочне во одредениот рок. Господа, пак ви обрнувам внимание се прави разлика помеѓу институција одземање и раскинување на договорот. Во одземање е едностран акт и тогаш последиците кои се штетни за давателот на концесијата не произведуваат правно дејство затоа што тој одлучил сам да ги одземе. Во тој случај може да се бара надомест на штета, а никој нема да сака да се договори да ти плати штета ако ти сам откажеш. Тоа е одбојност. Сега, што се говори? Ако некој од страна, имајќи ги предвид нашите поранешни односи дека можеме со промена на Законот во секое време, па и со промена на договорот да доведеме некој во незавидна положба на страниот елемент се добива одбојност затоа што тие знаејќи го институт одземање е едностран акт и не сака да допушти сам да одлучува во неговото право.

Да кажам во што е разликата. Ако доаѓа при одземање на тој што му е одземена концесијата има право на надомест на штета. Меѓутоа, тој што ја одзема концесијата тој го губи правото на надомест на штета. Зошто? Ќе каже дека тоа ќе се внесе во договорот. Ако има таква одредба на некој да му кажеш еве јас се договарам со тебе да можеш во секое време да ми ја одземеш концесијата и јас да немам право на штета. Тоа би била катастрофална работа. Таков договор никој не сака да потпише. Затоа ве молам обрнете внимание на оваа работа нека си влезе оној институт начелен облигациониот однос, а овде концесијата има значеше и ме прашуваат луѓе што значи тоа. Концесија значи давање општо добро на користење. Практично јавен закуп. Закупот не треба да се ограничува со право некој сам да го откажува.

Ве молам, имајте го предвид ова оти сакаме да донесеме слободен закон, ние сме држава во оформување спрема односот на странските партнери кои сакаат либерални работи, кои сакаат слобода во договараше, кои го почитуваат пазарниот елемент, а не административниот и државен елемент.

Јас немам намера некому да му наложувам што да чини да нема штета. Штетата ќе биде во пристапот и од тие причини јас овој амандман во член 16 алинеја 11, став 3 да се брише е условот што настанува и понатаму во членот 22 каде се говори кои се условите и на крајот членот 25 каде говори кои се тие услови кога ќе се одземе концесијата.

IV/1 JJ/НД

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Мислам дека овој амандман не треба да се прифати. Истото го мислам и за другите два амандмана. Еве од кои причини. Фактички со овие три амандмана колегата Стојановски на некој начин го оспорува и го брише правото на одземање на концесии. Сметам дека овој институт треба да остане, а еве поради што. На пример во договорот ј конкретно за првиот амандман треба да се остане во кој договор двете страни треба да се договорат за одземањето на концесијата. На пример тоа може да биде рокот за отпочнување на определен за отпочнувањето на вршењето на концесијата. Ако во договорот на пример се определи дека доколку не се почне со вршењето на концесијата во рок од две години се одзема правото на концесијата. Значи не може во недоглед оној што го земал правото за вршење на концесија да го одолговлечува. Така што излично е бришењето на членот 25. Според мене мора оној што го зема правото на концесијата да има и одговорност да почне со*вршењето на одредени работи за да на некој начин ја остварува таа концесија. Она што го предлага Томислав Стојановски според мене од овие аспекти е неприфатливо. Тој има определени аргументи што ги поткрепува со образложението на амандманот и во својата дискусија, но јас сметам дека токму во однос на член 25 од каде што произлегува одземањето на концесија што се договара во договорот не би смеело да се брише овој институт одземање на концесијата.

IV/2

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

По се изгледа ние со госпоѓа Стојанова не де разликуваме во начинот на пристапот на разрешување на овој правен институт. Јас говорам јасно. Ако се пристапи кон раскинување на еден договор е еден однос само од едниот договорувач со право на одземање, тогаш тој нема право да бара оштета. Ако дојде до раскинување на договорот поради неотпочнување, останува правото да се добие штетата за тој што не започнал. И јачината на договорот е токму во тоа тој ако не почне да може да плати штета. Ако јас му ја одземам концесијата го ослободувам од обврската затоа што чекал две години. Пак да направиме разлика, ќе му ја одземам концесијата, не работел, не плаќа и никој ништо. Ако пак договорот се раскине тој ќе плати штети затоа што не почнал на време. Во тоа е разликата. Едното е раскинувањето договор со одговорност а другото е еднострано откажување. Инаку што правиме. Ако кажеме да одземаме, еднострано откажуваме Тој што откажува договор нема право на надоместок на штета. Тоа е правило. Од тоа правило никој не може да не ослободи. И затоа моето настојување овде е да се запази силата, оној што ќе го откаже договорот односно не ја изврши концесијата во рок од две години, ако дојде до тоа да му се раскини и да плати штета. На пример се договара штетата за некористење да изнесува за две години 10 милиони долари. Ќе се најде некој некоја си влада да надвладее, и да рече дај да ја откажеме концесијата и со тоа штетата ќе отпадне, а тој може да си земе еден милион долари. Ако пак се раскине договорот државата ќе ги земе тие десет милиони долари, без разлика кој и да е, а не отпочнал навреме за да се создаде користење на концесијата. Ти пристануваш да му признаеш негова вина со одземањето,а со раскинувањето на договорот го тераш да плати затоа што не постапил по обврските што ги зел.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Прво, бришењето во Законот за концесии на одредбите со кои што се прецизира одземањето на концесиите еднаш дадени и договорени може да има неколку потешки последици.

Првата последица е во законот воопшто не постои дефиниција под кои услови може да се одземе концесијата. Тоа законодавецот конкретно предлагачот сега на законот го прави на јасен и недвосмислен начин, со што упатува порака до идните можни концесионери дека господо оваа држава носи пропис кој само во еден услов може да ви ја одземе концесијата. Тоа е доколку на време не почнете со користењето на концесијата на начин на кој што ќе се договорите. И дека сите други можни услови и можности отпаѓаат, што на некој начин недвосмислено кажува дека на ваков начин регулирајќи ги, ги прави сигурни односите. Тоа е првото прашање.

Второто прашање, доколку се прифатат аргументите за бришење на одредбите во однос на давањето на концесии за начинот на кои Републиката може да ги одземе тие концесии, тогаш се нарушува и сигурноста на државата во однос на давањето концесии и се отвораат полно можности и автономија на волјите на давањето на концесии на странките што треба да ги склучуваат тие договори.

"Напротив, мислам дека доколку се отвори таков простор, се отвора многу поширока автономија на волјите при договарањето за да можат да се даваат такви договорни модалитети што ќе ги доведат во прашање економските и финансиските ефекти во давањето на концесии.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господин Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не е потребно повеќе пати да се јавуваме, меѓутоа господа зборовите се едно а институциите во правото се друго. Ниту е тоа моја волја, ниту е волја на колегата Стојановски Наќе како ние ќе ги сфатиме. Тие имаат правила. Од тие правила не се бега. Овде, токму постоењето на институцијата одземање оди во корист на несигурноста. Јас не зборувам, Владата е таа што ќе ги дава концесиите, ќе биде договорувач, ќе биде потписник на договорот. И таа влада може на некому може да му ја одземи односно да му ја прости да не плати. Овде се работи дека со непостоењето на институтот одземање на концесија не и се дава на Владата никакво право да може на некому да му опрости за неработа. Таму се предвидува ако за во рокот во кој не го приготвил да почне значи Владата може да чека две, една година, два месеци, еден ден или еден час, мора да го чека критичниот момент да мине зашто до тогаш никој не и дава право. Друго ќе беше ако беше првото решение. Што е полошо Владата може да ја одземе концесијата. Сега предлагачот менува и вика - може Владата да ја одземе концесијата ако не се отпочне во договорениот рок. Дал некаква си модификација и ја врзал со времетраење. Ако е времетраење тогаш договорот треба да има време на живеење. Ако договорот не живее, ќе се раскине и се запазува институтот штета за доброто. Владата не е овластена да му опрости на никого. Ако предлагачот има намера да склучува договори, па да ги опростува таа влада, и ако мисли дека е вечна Владата, па тогаш јас ќе го повлечам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака.

27 пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека амандманот на член 16 став 3 алинеја 11 не се усвои, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот со кој во членот 22 алинеја 3 се брише.

Дали некој бара збор?

Има збор Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа пратеници ако институтот во член 16 остане, тогаш би било навистина апсурд, да не речам глупост од моја страна, да продолжам овој институт да го оспорувам во наредните одредби кога постои, кога не помина основниот амандман за бришеше на институцијата, таа институција ако остане во законот ќе мора да има и средства со кои ќе се применува. Било како дали е тоа по желба или не, останува единствено јас тие два амандмана да ги повлечам. Тоа го правам од ова место.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи се повлечени останатите два амандмана.

Продолжуваме со претрес по законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Само ве молам повикајте ги пратениците да влезат во салата.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

65 пратеници гласаа за.

Дали има против? (Нема):

Дали има воздржани? (Нема).

Констатирам дека Собранието го донесе законот за концесија.

Минуваме на **точката 4** - Предлог на закон за индустриска сопственост.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за сто- панство на Законодавно - правната комисија ви се доставени односно поделени. Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 120 за бришење на точката 2 и на член 124 за додавање два нови става, по ставот 4 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 34, член 49 став 1, 2 и 3, член 91, член 96 став 3, и на член 121 став 1 и 2 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Васил Зимбаков поднесе амандман на член 120 став 2 точка 2, со кој Владата не се согласува.

Пратеникот Марин Миленковски, поднесе амандмани на член 2 за менување на ставот 2 и на член 13 за менување на став 1 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандман на член 2 став 2 поднесен од пратеникот Марин Миленковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Владата не го прифаќа овој амандман а еве од кои причини. Практично она што се овде предлага како корекција или дополнување на член 2 во вториот став е веќе содржано како регулатива во законот. Наиме, заштитата на нова сорта на растенија или хибрид е обезбедено и е подведено од став 1 од овој член односно, подведено е под заштитата на патенти. И тоа не само на добивање на нова сорта на растенија и хибрид,туку и постапката на добивање на нови сорти на растенија и хибрид. Од таа причина Владата не го прифаќа овој амандман.

Јас само да споменам дека во Нацртот на законот за заштита на индустриската сопственост имаше експлицитно норма со која се иззема ше правото за заштита на нова сорта на растенија и хибрид. Во овој закон, во Предлогот на законот за индустриска сопственост е избришана таа норма што значи дека преку патентите и преку постапката за заштита на патентите е обезбедена заштита и на нова сорта на растение и хибрид.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

V/1 јм/вц

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

По објаснувањето на министерот дека со овој закон не се изземени патентите од оваа дејност и дека тие можат да дејствуваат доколку се усвои амандманот II во член 13 каде што ќе се цитира оваа дејност, јас го повлекувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали го повлекувате амандманот?

Господинот Миленковски овој амандман го повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 1 поднесен од пратеникот Марин Миленковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Владата го прифаќа овој амандман, меѓутоа со определена редакција во текстот за што е постигната согласност и со предлагачот. И амандманот треба да гласи: "со патент се штити пронајдок кој претставува ново решение на определен технички проблем, нови растителни сорти и хибриди кои се индустриски и технички изводливи и кои можат да се користат во производството, или во друга сто- панска дејност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа ние немаме овде што да претресуваме, немаме амандман. Тоа е основниот текст.

Отворам претрес по амандманот на член 120 став 2 точка 2 поднесен од пратеникот Васил Зимбаков.

Овој амандман е инкорпориран во амандманите што ги поднесе Владата на Република Македонија.

Го молам пратеникот Васил Зимбаков да се произнесе дали го повлекува овој амандман.

**ВАСИЛ ЗИМБАКОВ:**

Со оглед дека мојот амандман е содржан во амандманот на Владата, јас мојот амандман го повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и текстот на Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (59)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Ве молам, избројте ги сите пратеници за да видиме колку се присутни.

Ве молам да ги повикате пратениците што се во ходниците да дојдат овде за да гласаат. Присутни се 59 пратеници и 59 пратеници гласале "за".

Сега веќе има 61 пратеник во салата.

Кој е за, молам да крене рака? (59)

Дали некој е против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Ве молам да го утврдиме точниот број на пратеници. Молам повикајте ги пратениците што се околу во просториите да влезат во салата.

Молам, утврдете го точниот број на присутните пратеници.

Кој е за, молам да крене рака? (64)

Дали некој е против? (никој)

Дали некој се воздружува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за индустриска сопственост.

Ве молам, ќе направиме една кратка пауза за да се средат документите врз основа на водените активности во комисиите, уште овде не се средени, некои амандмани се повлечени, некои се преиначени, некои се прифатени. Бидејќи сега на тоа се работеше сите овде нека бидат присутни и за 15 до 20 минути ќе ја продолжиме седницата.

(пауза )

(По паузата)

Да продолжиме со работа.

Повикајте ги сите пратеници да влезат во салата. Ќе чекаме до 15 часот, а ако не се соберат доволен број пратеници ќе ја прекинеме седницата.

Ни недостасуваат уште еден или двајца пратеници.

Сега имаме точно 61 пратеник.

Продолжуваме со работа.

Минуваме на **точката 5** - Предлог на закон за сметководство.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за стопанство и ЗПК ви се доста- вени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 86 став 1 и за пренумерација на членот 86 за додавање нов член 86 и на член 88 и тие се составен дел на -текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Томислав Стевковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев поднесоа амандмани за бришење на член 28, член 33 став 1 и на член 53 став 2 со кои се согласува Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Томислав Стевковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев поднесоа амандмани на член 3 за бришење на став 2, член 4 став 1, член 4 став 7 и 8, за бришење на член 5, за менување на член 6, член 7 став 9, член 7 став 10, член 8 став 2 алинеја 1 за менување на член 11, член 12 став 4 за менување на член 13, член 16 за менување на ставот 2, за менување на член 26, за менување на член 27, член 29 за бришење на ставовите 1 и 2, за менување на член 44, за менување на член 48, член 51 за додавање нов став 3, член 53 став 1,за менување на член 57, за менување на член 70, за менување на член 71, за менување на член 72, за менување на член 73, за менување на член 74, за менување на член 75 и за менување на член 76 со кои Владата не се согласила.

Законодавно - правната комисија и Комисијата за финансирање и буџет поднесоа амандмани на глава IX член 81 став 4, член 82 став 2, член 87 и во образецот билансно состојбата страна 1, колона 2 и на страна 4 колона 2.

Пратениците Томислав Стевковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев поднесоа амандмани на член

1, член 7 за бришеше на став 6, член 8 став 2 алинеја 9 и на член 33 за додавање нов став 2 по ставот 1 и истите на седницата на Комисијата за финансирање и буџет претставникот на подносителите на амандманите ги повлече.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 8 став 2 за менување на алинејата 10 класа IX со кои се согласи претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за бришење на став 2 поднесен од пратениците Томислав Стековски, Петар Темелковски Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Молам, кој бара збор?

**ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, во членот 3 ставот 2 се брише и тоа од следните причини. Со овој закон се воведува обврска за водење на сметководството за правно лице, односно ниво на правно лице. Водењето на сметководството односно расчленување на сметководството по организациони делови на правното лице посебно во пазарни услови на стопанисување и постоење на приватни претпријатија е непотребно бидејќи државата со тоа не добива ништо, а се меша во внатрешната организација и евиденција на правното лице што не беше случај досега.

Второ, државата се меша во управувањето на претпријатијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (20)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 за бришеше на ставот 2 поднесен од пратениците Томислав Стевковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Отворам претрес по амандманот на член 4, став 1 поднесен од пратениците Томислав Стевковски, Петар Темелковски, Драги Арсов Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (20)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 1 поднесен од пратениците Томислав Стевковски, Петар Темелковски, Драги Гроздановски Благој Тошев.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 7 и 8 поднесен од пратениците Томислав Стевковски, Петар Темелковски Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Молам, кој бара збор?

**ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Во членот 4 во ставовите 7 и 8 зборовите "институција за платен промет" се бришат и се менуваат со зборовите "Служба за општествено книговодство" и тоа од следните причини. Во овој момент во Македонија немаме формирано институција за платен промет, а платниот промет го врши Службата за општествено книговодство како официјална институција. Бидејќи законот треба да се донесе,упатување на таква непостоечка институција ќе создава големи недоразбирања и проблеми во државата во практиката. Не случајно ние сакавме да се повлече овој

закон од дневен ред, се додека не се создадат услови за негово донесување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (21)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 7 и 8 поднесен од пратениците Томислав Стевковски Петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 5 поднесен од пратениците Томислав Стевковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Молам, кој бара збор?

**ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ:**

Амандманот се однесува на членот 5. Членот 5 се брише од следните причини. Со одредбите на членот 1 од законот се пропишува обврската за водење на сметководство за сите правни лица со седиште во Македонија. Начинот на водењето на книговодството за сите правни лица е пропишано во членовите 6 и 7, а во членот 8 содржината на сметководството за сите правни лица.

Според тоа, со овој закон се опфатени сите правни лица кои се должни да го водат сметководството и тоа оние кои се основаат и оние кои не се основаат. Оттука членот 5 е излишен и непотребен заради следното, со него се регулираат прашања кои се регулирани во другите членови од овој закон и со него се дозволува за поодделни правни лица да се менува содржината на сметководството со што се руши конституцијата на целиот закон. На пример дали со посебен закон може

да се пропише друг начин на водење на сметководство, сигурно не, бидејќи ако тоа се дозволува ќе нема единствен сметководствен систем. Напротив овој закон има за цел да пропише единствен сметководствен систем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Мислам дека не треба да се прифати овој амандман, а еве од кои причини. Со овој Закон за сметководството, овој закон и сите негови одредби се однесуваат на сите правни и физички лица. Меѓутоа, во членот 5 од овој закон се утврдени субјектите кои што имаат свои одредени специфичности и врз база на посебни закони во кои се регулирани посебни одредби. Тоа пред се се однесува за Законот за осигурување на имоти и лица, Законот за банките, и Законот за одбраната. Во тие посебни законски акти се пропишани специфичностите на овие организации, па заради тоа овој член 5 дословно вака гласи: субјектот чие работење се уредува со посебен закон ги применува одредбите на овој закон доколку со тој посебен закон не е поинаку уредено. Заради специфичностите на тие одредени организации како што се банките, како што е народната одбрана и како што се заводите за осигурување на имоти и лица, заради нив, заради постоењето нивно и заради тоа што во посебни закони се утврдени нивните специфичности треба да остане членот 5, а не да се брише како што предлагаат подносителите на амандманите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (17)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 5 поднесен од пратениците Томислав Стевковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 6 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (19)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 6 поднесен од пратениците Томислав Стевковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 9 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (19)

Констатирам дека Собранието не ги усвои амандманот на член 7, став 9 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 10 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (22)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 став 10 поднесен од пратениците Томислав Стевковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 2 алинеја 1 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дваесет и еден пратеник гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 став 2 алинеја 1 поднесен од пратениците Томислав Стевковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Товарам претрес по амандманот за менување на член 11 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за молам, да крене рака? 21 пратеник гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 11 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 4 поднесе: од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги Арсов Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Има збор господин Драги Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, не го прифаќаме ставот на Владата која го одбива овој амандман што го предлагаме на член 12 став 4 со кои предлагаме зборот "финансиери" да се брише.

VI/2.-

Предлогот според наше мислење има суштински не само формален карактер. Имено, со Законот за сметководство посебно се сака да се потенцира струката при водењето на сметководството. Таа струка е сметководствена и одвоена од другите струки како што се комерцијалната, финансиската и другите струки. За таа цел секаде во светот се формираат стручни организации на сметководители кои имаат за цел да го унапредат и штитат сметководството. Таа стручна организација е на сметководители и ревизори, а не и на финансиери чија струка се разликува од сметководствената. Според тоа предлагаме да се брише во членот 12 став 4 зборот "финансиери" и според нашиот предлог во овој став навистина овде ако остане така како што го предлага Владата треба да даде јаки аргументи и овде навистина да видиме зашто овој став вака гласи. А тој став гласи: "стручната организација за сметководители, финансиери и ревизори ги определува условите и критериумите за стекнување на звањето на овластени сметководители и ревизори"

Ние предлагаме овој збор "финансиери" да се брише и на тој начин навистина овој став би добил во својот квалитет и во своето значење. Од тие причини предлагаме Собранието да го усвои овој амандман, а исто така апелираме и Владата тоа да го прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

35 пратеници гласаа За.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 став 4 поднесен од пратениците Томислав Стефановски Петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

VI/3.-

Отворам претрес по амандманот по член 13 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги Арсов , Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

17 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менува на член 13 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

отворам претрес по амандманот на член 16 за менување на ставот 2 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

21 пратеник гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 16 за менуваше на ставот 2 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2 6 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

19 пратеника гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 2 6 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, драги Гроздановски и Благој Тошев.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 27 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

21 пратеник гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 27 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

VI/5.-

Отворам претрес на член 29 за бришење на ставовите 1 и 2 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги арсов, драги Гроздановски и Благој Тошев.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака?

19 пратеника гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 9 за бришење на ставовите 1 и 2 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги Гроздановски , Драги Арсов и Благој Тошев.

за менување

Отворам претрес по амандманот на член 44 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака?

20 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 44 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги Гроздановски, драги Арсов и Благој Тошев.

VI/6.-

Отворам претрес за менување на член 48 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Молам , кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака?

20 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 4 8 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Отворам претрес по амандманот на член 51 за додавање на нов став 3 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија заради прецизирање на законската одредба на став 1 од овој член предлага во вториот ред по зборот "издатоците" се додаваат зборовите "платени однапред за најмалку 12 месеци" со што делумно е прифатен поднесениот амандман.

Го молам еден од подносителите на амандманот да се произнесе по предлогот на Владата. (пратениците се согласуваат) Се согласувате. Тогаш нема амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 53 став 1 под- несен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, драги Гроздановски и Благој Тошев.

VI/7.-

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

19 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 53 став 1 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

отворам претрес по амандманот за менување на член 57 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, драги Гроздановски, Драги Арсовски и Благој Тошев.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

19 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 57 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски Драги Гроздановски, Драги арсов и Благој Тошев.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 70 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Молам кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака?

23 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 70 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги Гроздановски, Драги Арсов и Благој Тошев.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 71 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака?

22 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 71 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 7 2 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, драги Гроздановски, драги Арсов и Благој Тошев.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака

19 пратеници гласаа за.

VI/9.-

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менуваше на член 72 поднесен од пратениците Петар Темелковски, Томислав Стефковски , Драги Гроздановски, Драги Арсов и Благој Тошев.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 7 3 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

21 пратеник гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менуваше на член 73 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, драги арсов, драги Гроздановски и Благој Тошев.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 74 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Драги Арсов, Драги Грозданоски, Петар Темелковски и Благој Тошев.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

23 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 74 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

VI/10.-

Отворам претрес по амандманот за менување на член 75 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, драги Гроздановски и Благој Тошев.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

22 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 75 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Отворам претрес по амандманот на член 7 6 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака?

23 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 76 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Петар Темелковски, Драги Арсов, Драги Гроздановски и Благој Тошев.

Отворам претрес по амандманот на глава 9 на член 81 став 4 и член 82 став 2 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се води претрес по амандманот на глава IX, член 81 став 4 и член 82 став 2 поднесен од Комисијата за финансираше и бунет и ЗТТК.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата ги прифаќа поднесените амандмани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е член 81 и член 82. Тие се составен дел и немаме расправа по нив.

Отворам претрес по амандманот на член 87, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата ги прифаќа поднесените амандмани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на образецот "Биланс на состојбата" страна 1, колона 2 и на страна 4, колона 2, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа и овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам, тоа е составен дел на Законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласањето? (9 пратеници)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за сметководство.

Минуваме на **точката 6** - Предлог на закон за финансиското работење.

Предлогот на законот и извештаите на комисиите за финансирање и буџет, на Комисијата за економска политика и развој, Ко- мисијата за стопанство и ЗПК, Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за економска политика и развој поднесоа амандмани на член 20 став 3 и на член 21 став 2 со кои се согласи претставникот на Владата. Тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандмани на член 20 став 1, на член 22 став 1, на член 23 за додавање нов став 1 и ставот 1 да стане став 2 по кои Владата не се произнесе.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 18, ЗПК поднесе амандмани на член 2 став 2, на член 5 став 2 и 3, на член 18 став 4 и на член 19 став 1 и на член 13 став 1, и на член 20 став 3, и член 21 став 2.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2, на член 5 став 2 и 3, на член 18 став 4 и на член 19 став 1, поднесен од ЗПК. Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата ги прифаќа амандманите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам, немаме амандмани.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 1, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (18 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 13 став 1 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 18, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата ги прифаќа амандманите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам, амандманот станува составен дел на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 1 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Со тоа немаме повеќе амандман тој е составен дел на текстот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 3, и на член 21 став 2, поднесен од ЗПК.

Со овие амандмани се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата ги прифаќа амандманите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 1, поднесе! од Комисијата за економска политика и развој.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 3 за додавање нов став 1 и ставот 1 да стане став 2 поднесен од Комисијата за економ ска политика и развој.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (69 пратеници)

Дали е некој против? (Никој)

Дали е некој воздржан? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за финансиското работење.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 64-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Ве молам,за вторник ќе закажеме продолжение за 63-та седница. Јас молам, бидејќи имаме точки за кои што е потребно најмалку 61 глас, сите оние што намеравaат да ја извршат основната своја должност,

заради својата политичка припадност да дојдат овде во вторник во 10,00 часот за да можеме тие точки да ги поминеме.

(Седницата заврши во 15,40 часот.)